| | |
|---|---|
| **Неделнатема** | Градот и градинката празнуваат |
| **Содржина на денот** | Албум за Скопје |
| **Возраст** | 3 до 4 години |
| **Воспитувач** | Анета Ивановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Физичко растојание при прошетки на отворено и редовно миење раце после прошетка. |
| **Активност** | Поведете разговор со детето за градот Скопје и ако дозволуваат условите направете прошетка во околината и направете неколку фотографии покрај некои значајни објекти од градот(слика1 и2).Шетајќи може да посетите некоја сувенирница и да разгледате,купите некои разгледници од градот Скопје(слика 3).Поразговарајте и направете ретроспектива на видените објекти од разгледниците и фотографиите,а може да искористите и слики од интернет(слика 4).Предложете му на детето да изработите роденденски подарок по повод роденденот на градот.Заедно со детето изработете албум за Скопје од фотографии и разгледници(може и слики од весници,флаери и др.) кој воедно ќе биде роденденски подарок(слика 5,6,7и 8).На крајот од албумот детето може да ја нацрта и градинката како дел од градот и заедно слават роденден.Активноста може да продолжи со мозаично работење така што на детето нацртајте му го Камениот мост и дајте му ленти од самолеплива хартија и со техниката цепи-лепи нека направи убав колаж(слика 9 и 10).Заедно може да слушате песни за Скопје и градинката пр.„Скопје роденден слави“- Поточиња 2016г, „Роденден е денот“-Златно славејче и др. |